РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 09 - 490/11
08. 05 2025 год
Радовиш

Согласно член 52 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16 и 142/16 , 11/18 и Сл.весник на РСМ бр.275/19,14/20,215/21 , 99/22 и 208/24 ) ,Секретарот на Општина Радовиш донесува:

**О Д Л У К А**
**за избор за унапредување на административен службеник**
**по интерен оглас број 1/2025**

1. Кандидатот **Спасија Ефнушева** се избира за унапредување на работното место-УПР0101Б04000 **Раководител на Одделение за буџетска координација** во Одделението за буџетска координација/Сектор за финансиски прашања во Општина Радовиш.
2. Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната на Општина Радовиш.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

-Општина Радовиш објави интерен оглас број 1/2025 (архивски број 04-490/1 од 25.03.2025 година) за пополнување на погоренаведеното слободно работно место преку унапредување.
-Од извршениот увид во Записник од извршена административна селекција за интерен оглас број 04-490/8 од 02.05.2025 година составен од Комисијата за селекција за унапредување се констатира дека за погоренаведеното работно место административната селекција ја поминале двајца кандидати ( Спасија Ефнушева и Сашка Арсова) со освоени по 13,55 бодови во прва фаза од селекцијата .
-Од извршениот увид во Записник од работата на комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 04-490/10 од 05.05.2025 година се констатира дека избраниот кандидат Спасија Ефнушева освоила 24 бодови од спроведеното интервју а кандидатот Сашка Арсова освоила 22 бодови од спроведеното интервју.
-Од извршениот увид во финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангирани кандидати се констатира дека кандидатот Спасија Ефнушева како **прворангирана** со вкупно освоени 37,55 бодови се предлага за унапредување на работно место –Раководител на Одделение за буџетска координација.
-Од тие причини се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука согласно член 52 од Законот за административни службеници.

**Поука за правно средство**: Против оваа Одлука е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страната на Општина Радовиш до Агенцијата за администрација.

составил/
контролирал/Петар Поп-Лазаров

**Секретар,**
**Ѓупче Почивалец**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „УПРАВЕН ОРГАН" ОПШТИНА РАДОВИШ